Во останатите потпрограми немаме реализација на расходите во третиот квартал.

Расходите за финансирање на **Програмата за Поддршка на локалниот економски развој** за периодот јануари-септември 2017 година се извршени во износ од **741.810** денари и истите се остварени со индекс од 13,01% во однос на предвидените 5.700.000 денари.

Расходите извршени за **Програмата за култура** за извештајниот бележат извршување во износ од вкупно **5.604.897** денари, односно се со индекс од 65,86% во однос на планот за 2017 година кој изнесува 8.510.000 денари. Кај Потпрограмата Културни манифестации и творештво има трошење во износ од 2.728.104,00 денари или 54,45% во однос на планираните, додека кај Потпрограмата Културни манифестации и творештво (капитални трошоци) реализирано е трошење во износ од 2.876.793 денари или 82,19% од планираното.

Кај **Програмата Спорт и рекреација** се извршени расходи во износ од **2.325.489,00** денари со индекс од 49,27% во однос на планираните 4.720.000,00 денари.

Кај **Програмата Заштита и спасување** се извршени расходи во износ од **223.142** денари со индекс од 6,30% во однос на планираните 3.540.000,00 денари.

Кај **Програмата В – Социјална заштита и заштита на деца**, во рамките на основниот буџет, се бележи реализација од 1.485.945,00 денари и истите во најголем дел се однесуваат на трансфери до здуженија и фондации, времено вработени во детските градинки и еднократната помош и помош во натура која општината ја дава.

Во делот на извршувањето на **расходите од блок дотациите** за периодот јануари-септември 2017 година, може да се констатира дека ресорните министерства редовно вршеа префрлање на средствата за блок дотациите, за финансирање на активностите

на основните училишта и детските градинки. Во овој период основните училишта и детските градинки, реализираа расходи во вкупен износ од **263.479.056,00** денари, односно 39,58% од планираните трошења на средства, што придонесе за извршување на планираните активности кај буџетските корисници. При тоа во основните училишта се реализирани расходи во вкупен износ од 196.716.716,00 денари, односно 68,25% од планираните расходи, а кај детските градинки се реализирани расходи во вкупен износ од 49.694.849,00 денари, односно со индекс од 63,62%.

Кај **расходите од донации** во третиот квартал на 2016 година се реализирани расходи во вкупен износ од 14.786.058,00 денари, односно 55,48% од планираните расходи.

Во делот на расходите од **самофинансирачките активности** на основните училишта и детските градинки, истите беа реализирани во износ од 16.706.984,00 денари или 36,74% во однос на планираните 45.470.000,00 денари.

Кај **расходите од кредити** не се реализирани расходи во овој извештаен период.

Врз основа на презентираните податоци за остварување на приходите и за извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари-септември 2017 година, може да се констатира дека во целина трошењето на средствата на Буџетот се одвиваше наменски по одделни ставки и подставки и во пониски износи во однос на планираните расходи како резултат на пониско остварените приходи во однос на планираните.

Во прилог на оваа информација се доставува и извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари-септември 2017 година на ниво на ставки (троцифрено конто).

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на надоместок на членовите на Советот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на продолжение на седницата одржано на ден 12.12.2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3933/3**
**од 14.12.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 45 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 29-а, 29-б, 29-в, 29-г и 29-д од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија (''Службен весник на СРМ'' бр.36/90 и ''Службен весник на РМ'' бр.38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13 и 139/14) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на продолжение на Третата седница одржано на ден 12.12.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува надоместок на членовите на Советот на Општина Гази Баба за извршување на задачите со остварување на функцијата член на Советот, како и надоместок на патни и дневни трошоци на членовите на Советот во рамките утврдени со закон.

**Член 2**

На членовите на Советот на Општина Гази Баба им следува месечен надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок на патните и дневните трошоци.

Средствата за исплата на надоместоците од ставот (1) на овој член се обезбедуваат во Буџетот на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Месечниот надоместок на членовите на Советот се утврдува во процентуален износ од 70% од просечната месечна плата во Република Македонија, исплатена за претходната година, и тоа за присуство на седниците на Советот, за присуство на седниците на постојните и повремени комисии на Советот, за непосредно следење на одредени прашања од надлежност на Советот, за учество во изготвување и проучување на материјали за Советот или пак за вршење на други задачи кои ќе ги определи Советот.

**Член 4**

На Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот од членот 3 на оваа одлука се зголемува за 30%.

**Член 5**

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува на членовите на Советот за присуство на сите седници на Советот што ќе се одржат во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30% за секое отсуство на членовите на Советот од седница на Советот, што ќе се одржуваат во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува, доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 6**

На членовите на Советот на Општина Гази Баба им се исплатуваат надоместоци за патни и дневни трошоци, за службени патувања во земјата и странство, според прописите кои се однесуваат на административните службеници вработени во општинската администрација на Општина Гази Баба.

**Член 7**

На членовите на Советот на Општина Гази Баба, определени за склучување на бракови, за ангажираност на деновите за склучување на бракови се утврдува надоместок во износ од 600,00 денари во кој е пресметан и надоместокот за користење на превоз.

**Член 8**

Надоместокот за присуство на седници, за патни и дневни трошоци и за ангажираност на деновите на склучување на бракови, на членовите на Советот ќе се пресметува и исплатува согласно оваа одлука, преку секторот за финансиски прашања на Општина Гази Баба.

**Член 9**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување надоместок на членовите на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.7/13).

**Член 10**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-3766/5**
**од 12.12.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ СО ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОДОТ 2018 -2022 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за отпочнување со изработка на Стратегија за локален економски развој на Општина Гази Баба, за периодот 2018-2022 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на продолжение на седницата одржано на ден 12.12.2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3933/4**
**од 14.12.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на продолжение на Треттата седница одржано на ден 12.12.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОТПОЧНУВАЊЕ СО ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОДОТ 2018 -2022 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба ја донесе одлуката за отпочнување со изработка на Стратегија за локален економски развој на Општина Гази Баба, за периодот 2018 -2022 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-3766/6**
**од 12.12.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА НА ГРЕШКА ВО ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 07, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ДОНЕСЕН СО ОДЛУКА БР.09-4768/8 ОД 21.12.2015 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за техничка исправка на грешка во Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 07, Општина Гази Баба - Скопје, донесен со одлука бр.09-4746/8 од 21.12.2015 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на продолжение на седницата одржано на ден 12.12.2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3933/5**
**од 14.12.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 83 став (7) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по предлогот за техничка исправка на ГП.1.9 и ГП 1.11, Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 07, Општина Гази Баба - Скопје, со технички бр.0801-03-07/17 од 09/17, Советот на Општина Гази Баба на продолжение на Третата седница одржано на ден 12.12.2017 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

## ЗА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА НА ГРЕШКА ВО ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 07, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ДОНЕСЕН СО ОДЛУКА БР.09-4768/8 ОД 21.12.2015 ГОДИНА

1. Советот на Општина Гази Баба донесе техничка исправка на грешка во Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 07, Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-4746/8 од 21.12.2015 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.14/15) во делот на ГП.1.9 и ГП 1.11, согласно предлогот за техничка исправка на ГП.1.9 и ГП 1.11, Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 07, Општина Гази Баба - Скопје, со технички бр.0801-03-07/17 од 09/17 изготвен од ''Иванов инженеринг'' ДООЕЛ - Битола и согласност за предлог за техничка исправка на ГП.1.9 и ГП 1.11, Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 07, Општина Гази Баба - Скопје, бр.24-9152/2 од 04.10.2017 година, претходно добиена од Министерството за транспорт и врски во согласност со законот.

2. Со денот на влегување во сила на овој заклучок, техничката исправка на грешката станува составен дел на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 07, Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-4746/8 од 21.12.2015 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.14/15), предмет на исправка.

3. Се задолжува секторот за урбанизам и градежно земјиште, по влегување во сила на овој заклучок да ги извести сите надлежни институции и органи за извршената техничка исправка во деталниот урбанистички план.

4. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-3766/7**
**од 12.12.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛОТО НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на продолжение на седницата одржано на ден 12.12.2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3933/6**
**од 14.12.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (1) точка 8 од Законот за јавните претпријатија (''Службен весник на РМ'' бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16), член 36 став (1) точка 6 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година, бр.02-81/3 од 28.09.2017 година, донесена од Управниот одбор на ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на продолжение на Третата седница одржано на ден 12.12.2017 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛОТО НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА

### Член 1

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2018 година, бр.02-81/3 од 28.09.2017 година, донесена од Управниот одбор на ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - Скопје.

### Член 2

Одлуката да се достави до ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - Скопје.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-3766/8**
**од 12.12.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО РУРАЛНИОТ ДЕЛ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2018 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на продолжение на седницата одржано на ден 12.12.2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3933/7**
**од 14.12.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (1) точка 8 од Законот за јавните претпријатија (''Службен весник на РМ'' бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16), член 36 став (1) точка 6 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за усвојување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2018 година, бр.02-81/4 од 28.09.2017 година, донесена од Управниот одбор на ЈКП ''ГАЗИ БАБА-2007'' - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на продолжение на Третата седница одржано на ден 12.12.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО РУРАЛНИОТ ДЕЛ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2018 година, бр.02-81/4 од 28.09.2017 година, донесена од Управниот одбор на ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-3766/9**
**од 12.12.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ЧИСТОТА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ОД КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА, ПРЕКУ АНГАЖИРАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2018 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на продолжение на седницата одржано на ден 12.12.2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3933/8**
**од 14.12.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 4 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на продолжение на Треттата седница одржано на ден 12.12.2017 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ЧИСТОТА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ОД КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА, ПРЕКУ АНГАЖИРАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2018 ГОДИНА

### 1. Вовед

Со оваа програма се уредува одржување на јавните зелени површини како и комуналната чистота на Општина Гази Баба, преку ангажирање на невработени лица кои се опфатени со оваа програма.

Во програмата ќе бидат опфатени целите, целните групи на кои се однесува самата програма, целното подрачје и локација, планот споредување и динамика на извршување на активностите, организационата структура, финасиски план, надзор и резултатите што се очекуваат од проектот.

Одржувањето на чистотата на јавните зелени површини и комуналната чистота на подрачјето на Општина Гази Баба е една од основните и приоритетни задачи во работењето на општината.

Преку оваа програма која ќе трае во тек на 2018 година се очекува да се постигне повисоко ниво на јавна чистота и заштита на животната средина на целото подрачје на Општина Гази Баба, а со ангажирање на ниско квалификувани и повозрасни лица и можноста за вработување, а намалување на сиромаштијата.

### 1. Рамка на проектот

### 1.1.Основа

1.1.1. Општ контекст

Програмата е дизајнирана како одговор на приоритетните потреби на Оопштината за намалувања на социјалните и економските проблеми и тензии предизвикани пред се од светската економска криза. Програмата е фокусирана на креирање на можност за вработување на долгорочно евидентирани невработени лица, кои се ниско квалификувани и повозрасни лица (над 55 години). Програмата е предвидена заради стекнување на одредена практични знаења и вештини со целна претпоставка за целосно вработување како и за намалување на невработеноста и сиромаштијата.

1.1.2. Вклучени организации

Носител на активностите на програмата ќе биде Општина Гази Баба, а нејзини партнери ќе бидат ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, кое е одговорно за руралниот дел на општината и градските јавни претпријатија "Паркови и зеленило" и "Комунална хигиена" кои го третираат урбаниот дел на општината.

Овие три јавни претпријатија ќе учествуваат со логистичка подршка на сите активности поврзани со оваа програма.

1.2.1. Анализа на проблемот

Имајќи ја во предвид невработеноста и статистичките параметри за најчесто споменуваните проблеми во одделението за комуникација со граѓаните на Општина Гази Баба, оваа програма ја гледаме како можност за нивно привремено ангажирање во извршување на јавните работи во општината.

Во Општина Гази Баба јавните зелени површини и другите јавни површини често се предмет на деструкција од страна на несовесното население, но и од недоволно развиена свест за јавна чистота кај населението, а од друга страна јавните претпријатија кои се задолжени за одржување на јавна чистота како и за одржување и обновување на зелените површини немаат доволно капацитет во човечки ресурси како и во опрема, механизација и алат навремено и квалитетно да ги извршуваат задачите.

Затоа се наметнува потреба за додатно ангажирање на лица за одржување на комунална хигиена и јавните зелени површини.

1.2.2. Релевантни активности

Од изминатиот период би можеле да ги издвоиме проектите кои ги третираа тековните проблеми со невработеноста, ставајќи акцент на младото работоспособно население до 35 години, главно со високо и средно образование. Од успешното спроведување на тие проекти изградивме и човечки и технички капацитет во создавањето на претпоставки за поврзување на големата армија на невработени лица со постојната деловна заедница на Општина Гази Баба, а во функција на остварување на взаемните интереси на сите чинители во тој процес -централната власт, локалната самоуправа, деловната заедница и секако големиот број на невработени лица - создавање на одржлива локална економија со крајна цел на намалување на висока стапка на невработени лица во Општина Гази Баба.

Со оваа програма ја проширувaме можноста за активирање на долгорочно невработените и социјално загрозени лица со понизок степен на образование и повозрасни лица.На овој начин даваме можности и на оваа најзагрозена категорија на долгорочно невработени и социјално загрозени лица со цел нивно реинтегрирање на пазарот на работа сила.

Со ангажирање на 75 работника од евиденција на долгорочно невработени и социјално загрозени лица на Агенција за вработување и општинскиот центар за социјална работа, со средно и понизок степен на образование, во текот на цела 2018 година, ќе оствариме неколку цели:

- **Прво**, ќе обезбедиме можност за овие лица после подолг временски период да ги реинтегрираме на пазарот на работна сила,

- **Второ**, преку стекнување на соодветно работно искуство и работна етика во текот на работниот процес, да си остварат можност за нивно евентуално долгорочно ангажирање,

- **Трето**, на овој начин ќе обезбедиме континуирано одржување на зелените површини и комуналнита чистота кои се се почесто предмет на деструктивно однесување на одредени несовесни жители,

- **Четврто**, континуирано разубавување на јавните зелени површини и другите јавни површини, а пред се подигнување на свест на локалното население за значењето на квалитетот на животната средина и влијанието врз здравјето на луѓето. Во таа смисла сметаме дека оваа програма ќе понуди и финансиска и институционална одржливост на долгорочна основа.

**2. Опис на програмата**

2.1. Цели на програмата

2.1.1. Општа цел

- Да се обезбеди времено решение за хронично невработени и социјално загрозени лица со цел намалување на социјалните тензии и раздвижување на пазарот на работна сила;
- Да се обезбедат со соодветно работно искуство долгорочно невработените и социјално загрозени лица со цел нивна реинтеграција на пазарот на работна сила;
- Континуирано одржување на јавнато зеленило кое се почесто е предмет на деструкција од страна на несовесното население;
- Континуирано разубавување на зелените површини, одржување на комунална чистота и подигнување на свеста на локалното население за значењето на квалитетот на животната средина и влијанието врз здравјето на луѓето.

2.1.2. Цел на програмата

Креирање на **75** работни места во текот на цела 2018 година.

2.2. Целна група

Долгорочно невработени лица од Општина Гази Баба евидентирани во Агенцијата за вработување на Република Македонија.

2.3. Активност

Главни активности

- расчистување на јавното зеленило од цврст одпад;
- расчистување на училишните дворови и дворовите на градинките;
- континуирано косење на тревниците на јавното зеленило (паркови,блоковско зеленило, зеленило долж улиците);
- полевање на јавното зеленило;
- одржување на сообраќајните површини (тротоарите, велосипедски патеки);
- одржување на детските игралишта;
- одржување на плоштадите;
- уредување и чување на парковите;
- ископување и чистење на каналите во општината.

*2.4. План на спроведување*

2.4.1. Тековно одржување на археолошкото наоѓалиште ''Тумба Маџари''.

Археолошкото наоѓалиште ''Тумба Маџари'' од младото камено време (неолит) укажува на фактот дека на овие простори се живеело и творело од самиот почеток на човештвото.

Од наодите откриени во населбата се истакнуваат керамички модели на куќи оформени во вид на фигура на жена,кои во современото живеење на општината стануваат дел од идентитет и симболите на општината.

Поради непроценливото културно и историско богатство на овој локалитет потребно е негово тековно одржување. За таа цел ќе бидат ангажирани 2 работника.

2.4.2. Одржување на јавна чистота и зелените површини на Општина Гази Баба

Бидејќи јавната чистота на територијата на општината континуирано се нарушува од страна на несовесното население,се укажува потреба и од континуирани активности за нејзино одржување.

За таа цел ќе бидат ангажирани 75 работници кои ќе бидат распоредени на целата територија на општината.

2.4.3. Времетраење на програмата

Оваа Програма ќе трае во текот на целата 2018 година.

*Алат и прибор*

Со оглед на тоа што општината како и ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје како нејзин партнер, веќе располагаат со определен вид на прибор, алат и машини и истите ќе бидат искористени за реализација на оваа програма.

*Опрема за безбедност при работа*

Обезбедување и на оптимални и сигурни услови за работа со цел да се зачува животот и здравјето, како и работната способност на работниците, интегритетот и личната сигурност, ќе бидат од примарно значење.

Опремата за безбедност и здравје при работа треба да е во согласност со правилникот за безбедност при работа со кој се уредуваат мерките за заштитата при работа, обврските на работодавецот и правата и обврските на работниците во обласа за зштита при работа.

Упатството за оспособување на работниците за безбедност при работа, нормативот на неопходни лични безбедносни средства, ќе се изврши при обука на работниците за користење на потребните алати и машини.

2.4.4. Финансиска конструкција за реализација на програмата.

| Буџет на проектот | По предлог проект | | | |
|---|---|---|---|---|
| Трошоци | Единица (по месец) | Бр.на единица | Сума по един. (во МКД) | Вкупно трошоци (во МКД) |
| 1.Човечки ресурси | | | | |
| 1.1Од програмата(за косачи) | 12 | 10 | 14 000 | 1 680 000 |
| 1.1.1 Персонален данок | 12 | 10 | 1 555 | 186 600 |
| 1.2 Од програмата за (метлачи) | 12 | 65 | 9 000 | 7 020 000 |
| 1.2.1 Персонален данок | 12 | 65 | 1 000 | 780 000 |
| 1.3 Осигурување од професионално заболување | 12 | 75 | 657 | 591 300 |
| 1.4 ХТЗ опрема | | | | |
| 1.4.1 ХТЗ кондури | | 75 | 1000 | 75 000 |
| 1.4.2 дводелно одело | | 75 | 2000 | 150 000 |
| 1.4.3 мајци*2 | | 2*75 | 200 | 30 000 |
| 1.4.4 капче | | 75 | 240 | 18 000 |
| 1.4.5 заштитни наочари | | 10 | 500 | 5000 |
| 1.5 Алат и прибор за работа | | | | |
| 1.5.1тримери*3 | | 3 | 30000 | 90000 |
| 1.5.2 телескопи*2 | | 2 | 30000 | 60000 |
| **Вкупно:** | | | | **10.685.900** |

2.4.5. Надзор при реализирање на програмата

Надзорот при спроведување на оваа програма ќе врши лице овластено од Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'' а ќе започне да се применува од 01.01.2018 година.

**Број 09-3766/10**
**од 12.12.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ООУ ''СТИВ НАУМОВ'' - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Програма за дополнување на Програмата за работа на ООУ ''Стив Наумов'' - Скопје, за учебната 2017/2018 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на продолжение на седницата одржано на ден 12.12.2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3933/9**
**од 14.12.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 35 став (1) алинеја 5 од Законот за основното образование (''Службен весник на РМ'' бр.130/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по предложената Програма за дополнување на Програмата за работа на ООУ ''Стив Наумов'' - Скопје, за учебната 2017/2018 година, бр.02-391/3 од 10.11.2017 година, Советот на Општина Гази Баба на продолжение на Третата седница одржано на ден 12.12.2017 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ООУ ''СТИВ НАУМОВ'' - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА

### Член 1

Советот на Општина Гази Баба ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за работа на ООУ ''Стив Наумов'' - Скопје, за учебната 2017/2018 година, предложена од училишниот одбор на ООУ ''Стив Наумов'' - Скопје, со одлука бр.02-391/3 од 10.11.2017 година.

### Член 2

Програмата за дополнување на Програмата за работа на ООУ ''Стив Наумов'' - Скопје, за учебната 2017/2018 година се состои од ''Програма за антикорупциска едукација на учениците за учебната 2017/2018 година''.

### Член 3

Одлуката да се достави до училишниот одбор на ООУ ''Стив Наумов'' - Скопје.

### Член 4

Се задолжува училишниот одбор, одлуката за донесување на Програмата за дополнување на Програмата за работа на ООУ ''Стив Наумов'' - Скопје, за учебната 2017/2018 година и Програмата за дополнување на Програмата за работа на ООУ ''Стив Наумов'' - Скопје, за учебната 2017/2018 година (Програма за антикорупциска едукација на учениците за учебната 2017/2018 година), во електронска форма да ги достави до Бирото за развој на образованието и Државниот просветен инспекторат.

### Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-3766/11**
**од 12.12.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ООУ ''ГРИГОР ПРЛИЧЕВ'' - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Програма за дополнување на Програмата за работа на ООУ ''Григор Прличев'' - Скопје, за учебната 2017/2018 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на продолжение на седницата одржано на ден 12.12.2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3933/10**
**од 14.12.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 35 став (1) алинеја 5 од Законот за основното образование (''Службен весник на РМ'' бр.130/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по предложената Програма за дополнување на Програмата за работа на ООУ ''Григор Прличев'' - Скопје, за учебната 2017/2018 година, бр.02-9/51 од 16.11.2017 година, Советот на Општина Гази Баба на продолжение на Третата седница одржано на ден 12.12.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ООУ ''ГРИГОР ПРЛИЧЕВ'' - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за работа на ООУ ''Григор Прличев'' - Скопје, за учебната 2017/2018 година, предложена од училишниот одбор на ООУ ''Григор Прличев'' - Скопје, со одлука бр.02-9/51 од 16.11.2017 година.

**Член 2**

Програмата за дополнување на Програмата за работа на ООУ ''Григор Прличев'' - Скопје, за учебната 2017/2018 година се состои од ''Програма за антикорупциска едукација на учениците за учебната 2017/2018 година''.

**Член 3**

Одлуката да се достави до училишниот одбор на ООУ ''Григор Прличев'' - Скопје.

**Член 4**

Се задолжува училишниот одбор, одлуката за донесување на Програмата за дополнување на Програмата за работа на ООУ ''Григор Прличев'' - Скопје, за учебната 2017/2018 година и Програмата за дополнување на Програмата за работа на ООУ ''Григор Прличев'' - Скопје, за учебната 2017/2018 година (Програма за антикорупциска едукација на учениците за учебната 2017/2018 година), во електронска форма да ги достави до Бирото за развој на образованието и Државниот просветен инспекторат.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-3766/12**
**од 12.12.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ООУ ''25 МАЈ'' - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Програма за дополнување на Програмата за работа на ООУ ''25 Мај'' - Скопје, за учебната 2017/2018 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на продолжение на седницата одржано на ден 12.12.2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3933/11**
**од 14.12.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 35 став (1) алинеја 5 од Законот за основното образование (''Службен весник на РМ'' бр.130/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по предложената Програма за дополнување на Програмата за работа на ООУ ''25 Мај'' - Скопје, за учебната 2017/2018 година, бр.02-463/1 од 20.11.2017 година, Советот на Општина Гази Баба на продолжение на Третата седница одржано на ден 12.12.2017 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ООУ ''25 МАЈ'' - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за работа на ООУ ''25 Мај'' - Скопје, за учебната 2017/2018 година, предложена од училишниот одбор на ООУ ''25 МАЈ'' - Скопје, со одлука бр.02-463/1 од 20.11.2017 година.

**Член 2**

Програмата за дополнување на Програмата за работа на ООУ ''25 Мај'' - Скопје, за учебната 2017/2018 година се состои од ''Програма за антикорупциска едукација на учениците за учебната 2017/2018 година''.

**Член 3**

Одлуката да се достави до училишниот одбор на ООУ ''25 Мај'' - Скопје.

**Член 4**

Се задолжува училишниот одбор, одлуката за донесување на Програмата за дополнување на Програмата за работа на ООУ ''25 Мај'' - Скопје, за учебната 2017/2018 година и Програмата за дополнување на Програмата за работа на ООУ ''25 Мај'' - Скопје, за учебната 2017/2018 година (Програма за антикорупциска едукација на учениците за учебната 2017/2018 година), во електронска форма да ги достави до Бирото за развој на образованието и Државниот просветен инспекторат.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-3766/13**
**од 12.12.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ООУ ''ВЕРА ЈОЦИЌ'' - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Програма за дополнување на Програмата за работа на ООУ ''Вера Јоциќ'' - Скопје, за учебната 2017/2018 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на продолжение на седницата одржано на ден 12.12.2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3933/12**
**од 14.12.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 35 став (1) алинеја 5 од Законот за основното образование (''Службен весник на РМ'' бр.130/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по предложената Програма за дополнување на Програмата за работа на ООУ ''Вера Јоциќ'' - Скопје, за учебната 2017/2018 година, бр.02-395/1 од 15.11.2017 година, Советот на Општина Гази Баба на продолжение на Третата седница одржано на ден 12.12.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ООУ ''ВЕРА ЈОЦИЌ'' - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за работа на ООУ ''Вера Јоциќ'' - Скопје, за учебната 2017/2018 година, предложена од училишниот одбор на ООУ ''Вера Јоциќ'' - Скопје, со одлука бр.02-395/1 од 15.11.2017 година.

**Член 2**

Програмата за дополнување на Програмата за работа на ООУ ''Вера Јоциќ'' - Скопје, за учебната 2017/2018 година се состои од ''Програма за антикорупциска едукација на учениците за учебната 2017/2018 година''.

**Член 3**

Одлуката да се достави до училишниот одбор на ООУ ''Вера Јоциќ'' - Скопје.

**Член 4**

Се задолжува училишниот одбор, одлуката за донесување на Програмата за дополнување на Програмата за работа на ООУ ''Вера Јоциќ'' - Скопје, за учебната 2017/2018 година и Програмата за дополнување на Програмата за работа на ООУ ''Вера Јоциќ'' - Скопје, за учебната 2017/2018 година (Програма за антикорупциска едукација на учениците за учебната 2017/2018 година), во електронска форма да ги достави до Бирото за развој на образованието и Државниот просветен инспекторат.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-3766/14**
**од 12.12.2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ООУ ''ДАНЕ КРАПЧЕВ'' - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Програма за дополнување на Програмата за работа на ООУ ''Дане Крапчев'' - Скопје, за учебната 2017/2018 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на продолжение на седницата одржано на ден 12.12.2017 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-3933/13**
**од 14.12.2017 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

